ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Ељмедине Асани како претседател на совет, Виолета Богојеска и Имсале Хасани како членови на советот, со записничар Снежана Стаменовска Христова – судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот В.Д. од С., поднесена против Одлуката бр.02-934/1 од 04.05.2023 година, на тужениот орган С. с. на Република С.М., за разрешување на носител на јавна функција, на ден 14.12.2023 година, согласно член 38 став 1 алинеја 4 в.в со член 60 од Законот за управните спорови, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот В.Д. од С., СЕ УВАЖУВА.

Одлуката бр.02-934/1 од 04.05.2023 година, на С. с. на Република С.М., СЕ ПОНИШТУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспорената Одлука означена во изреката од пресудата сега тужителот се разрешува од функцијата претседател на С. с. на Република С.М., со тоа што се определува дека оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето на 04.05.2023 година.

Незадоволен од оспорената Одлука, тужителот со тужба за управен спор ја оспори законитоста на истата, поради погрешна примена на материјалното право, во постапката која му претходела на актот не се постапило според правилата на постапката и поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба во постапката која му претходела на актот, со предлог тужбата да се уважи, оспорената Одлука да се поништи. Во тужбата се наведува дека иако во Законот за судски совет нема одредби со кои е пропишана правна заштита на правото на претседателот на Советот, во ситуација кога С. с. донесува одлука за негово разрешување од функцијата претседател на Советот и одземање на мандат, предметниот управен спор се поведува согласно член 3 став 1 точка 5 и точка 6 од Законот за управни спорови, член 15 од Уставот на Република С.М., како и член 14 став 5 од Законот за општа управна постапка, со оглед на тоа дека во конкретниот случај станува збор за управен акт со кој се одлучува за право на странка, а во законот не е предвидено право на жалба, поради што странката може да поведе управен спор за заштита на своето право. Понатаму се наведува дека во конкретниот случај предмет на разгледување и одлучување била недовербата на претседателот на С. с., иако не постои законска можност ниту со Законот за Судскиот совет на Република С.М., ниту во Деловникот за работа на С. с. на Република М. да се разгледува и оценува довербата на претседателот и да се предлага негово разрешување од функцијата претседател на С. с.на РСМ, а при тоа се наведува дека на тужителот воопшто не му биле предочени причините поради кои било поставено прашањето за оценување на доверба, не му биле презентирани факти и докази, не му било оставено доволно време за да се подготви, ниту пак реално му било овозможено доволно време да презентира аргументи, факти и докази со кои ќе се спротивстави на „вербалните обвинувања“

на членовите на С. с.. Исто така се наведува дека оспорената одлука и покрај тоа што е донесена во незаконита процедура, истата и од формално правен аспект не може да се испита, од причина што во предметната одлука само било наведено дека одлуката е донесена согласно член 38 од Законот за Судскиот совет на РСМ, со која законска одредба се регулира работата на седници на судскиот совет, а која законска одредба не претставува основа за разрешување на претседател на С. с. на РСМ, што укажува на отсуство на материјално право врз основа на кое може да се донесе и заснова ваквата одлука.

Тужениот орган во одговор на тужба му предложи на Судот да ја одбие тужбата како неоснована, со образложение дека во Законот за судски совет (Сл.весник на РСМ бр.102/19) од страна на законодавецот не е предвидена одредба со која се регулира начинот и постапката по однос на разрешување на претседател на Советот, ниту било предвидено правно средство против ваквата одлука, а одлуката за разрешување во конкретниот случај била донесена согласно член 38 ст.8 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, каде било предвидено дека Советот ги донесува одлуките со мнозинство од присутните членови со право на глас. Прашањето за доверба било предложено како точка на дневен ред од страна на пет членови на Советот, а самиот член 38 од Законот за Судски совет на РСМ не давал ограничување по однос на тоа која точка ќе биде ставена, туку дека седница се свикува по предлог од најмалку пет члена на Советот. Исто така се наведува дека Управниот суд во конкретниот заведен управен спор не може да ја примени одредбата од член 3 став 5 од Законот за управните спорови (Сл.весник на РСМ бр.96/19), од причина што Судскиот совет на РСМ е самостоен и независен орган на судството и не е орган на државната управа, ниту било кој друг субјект од цитиранта одредба.

Со писмо У5 бр. 618/2023 од 01.11.2023 година, доставениот одговор на тужба од страна на тужениот, Судот го достави на полномошникот на тужителот и приемот на истиот е потврден на ден 06.11.2023 година, а по кој одговор на тужба тужителот писмено не се произнесе.

Судот, имајќи ги во предвид наводите на тужителот изнесени во тужбата, одговорот на тужба, како и со увид во списите на предметот, најде дека:

Тужбата е дозволена, со истата се оспорува Одлука на С. с. на Република С.М., со која е повредено право на тужителот, против која не е дозволено изјавување на редовно правно средство и не е обезбедена правна заштита во друга судска постапка. Исто така тужбата е навремена и поднесена од овластено лице.

Тужбата на тужителот е основана.

Видно од списите на предметот, тужениот орган со оспорената Одлука го разрешува сега тужителот од функцијата претседател на С. с. на Република С.М., со тоа што се определува дека оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето на 04.05.2023 година. Во образложение на Одлуката е наведено дека Советот на 441-седница одржана на ден 04.05.2023 година расправал по прашањето за доверба на претседателот на С. с. на Република С.М. и со мнозинство на гласови на членовите со право на глас изгласал недоверба на сега

тужителот, претседател на С. с. на Република С.М., а по изгласаната недоверба, по предлогот за разрешување од функцијата претседател на С. с. на Република С.М. со 9 гласа „за“ и 3 „против“ од присутните членови со право на глас била донесена одлука со која сега тужителот се разрешува од функцијата претседател на С. с. на Република С.М.. Одлуката е донесена врз основа на член 38 од Законот за Судскиот совет на Република С.М. ( Сл.весник на РСМ бр.102/19).

Оценувајќи ја законитоста на оспорената Одлука, Судот најде дека истата е незаконита поради повреда на правилата на постапката, односно од причина што оспорената Одлуката содржи такви суштествени недостатоци што ја спречуваат оцената на законитоста на актот.

Согласно член 3 став 1 точка 6 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република С.М.“бр.96/2019), во управен спор судот одлучува за законитоста на поединечните акти на јавните органи со кои е повредено некое право, обврска или правен интерес на тужителот, а против кои не е дозволено изјавување на редовно правно средство и не е обезбедена правна заштита во друга судска постапка.

Согласно член 4 став 1 точка 6 од истиот закон, „управен акт“ е поединечен акт со кој јавниот орган одлучил за права, обврски и правни интереси на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и поединечен акт донесен во прекршочна постапка. Управните акти можат да бидат насловени како решение, одлука, наредба, лиценца, дозвола, забрана, одобрение, известување или други акти утврдени со закон.

Согласно член 38 став 1 точка 4 од истиот закон, судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон одлучува по управниот спор без да одржи расправа само ако најде дека оспорениот управен акт содржи такви суштествени недостатоци што ја спречуваат оцената на законитоста на актот, поради што ќе го поништи таквиот акт.

Согласно член 10 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), јавниот орган треба да ги утврди сите факти и околности што се од битно значење за правилно утврдување на фактичката состојба во управната постапка.

Согласно член 88 став 1 од истиот Закон, управниот акт што е издаден во писмена форма содржи: вовед, диспозитив, образложение, правна поука, потпис од овластеното службено лице и печат. Согласно став 4 од истиот член, образложението треба да биде разбирливо и да содржи: кратко излагање на барањето на странката, ако постои, утврдените факти според коишто е издаден управниот акт, правните прописи и причините поради коишто, врз основа на утврдените факти, управниот акт е донесен, причините поради кои некои од барањата, тврдењата или предлозите на странките не се прифатени, како и причините поради кои некои од изјавите дадени во текот на постапката не се земале предвид. Во случај на управен акт донесен по слободна оцена, мора да се наведат главните причини поради кои правото да се решава по слободна оцена се применило на начин како во управниот акт. Кога жалбата не го одлага

извршувањето на управниот акт, образложението исто така содржи и упатување на прописот што тоа го предвидува.

Согласно член 8 став 3 од Законот за судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република С.М.“ бр.102/2019), претседателот на Советот и неговиот заменик се избираат од редот на членовите на Советот со право на глас.

Согласно член 34 од истиот закон, (1) Образложено барање за поведување на постапка за дисциплинска одговорност на член на Совет, до Судскиот совет може да поднесат најмалку 20 судии или секој член на Судскиот совет со право на глас, ако членот на Советот: -влијае врз независноста на судиите и врши притисок во врска со одлучувањето по одредени предмети, -ја занемарува и не ја извршува својата функција во работата на Советот, -ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно со закон или ако податоците содржани во изјавата во голема мера се невистинити или -ги прекрши правилата за изземање во ситуации во кои членот на Советот знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање предвидени со овој закон. (2) Членот на Советот се разрешува од функцијата согласно со основите предвидени во ставот (1) на овој член ако повредата е сторена: -со намера или очигледна небрежност по вина на членот на Советот без оправдани причини и -повредата предизвикала тешки последици.

Согласно член 35 од истиот закон, (1) Поднесено барање за дисциплинска одговорност на член на Советот заедно со доказите се доставува лично до членот на Советот за кој е поднесено барањето, преку архивата на Советот или со препорачана пратка на домашната адреса. (2) Ако членот на Советот не се затече на местото на достава од ставот (1) на овој член му се остава писмено известување за местото и времето за подигање на барањето и истото се смета за уредна достава. (3) Членот на Советот може писмено да одговори на наводите во барањето или да даде усна изјава на записник во рок од осум дена од денот на добивањето на барањето. (4) Заедно со одговорот на барањето членот на Советот ги доставува сите докази врз основа на кои го заснова својот одговор на барањето. (5) Во рок од два дена од истекот на рокот од ставот (3) на овој член, претседателот на Советот, односно заменик претседателот во случај кога барањето се однесува за претседателот на Советот, до членовите на Советот ги доставува барањето за дисциплинска одговорност, одговорот од ставот (3) и доказите од ставот (4) на овој член, доколку истите се доставени и закажува седница на која ќе се расправа по барањето за дисциплинска одговорност на членот на Советот. (6) Одлуката за разрешување на член на Советот ја донесува Советот со најмалку осум гласови од членовите со право на глас, при што за разрешувањето мора да гласале најмалку двајца членови избрани од Собранието на Република С.М.. (7) Во носењето на одлуката од ставот (6) на овој член, не учествуваат членовите по функција, членот за чија одговорност се одлучува и членот кој е подносител на барањето за дисциплинска одговорност. (8) Мандатот на членот на Советот престанува со денот кога е донесена одлуката за разрешување на членот на Советот.

Согласно Член 36 од истиот закон, (1) Советот е надлежен да: -ги избира и разрешува судиите, -ги избира и разрешува претседателите на судовите, -утврдува престанок на судиската функција, -избира и разрешува судии поротници, -ја следи и оценува работата на судиите, -одлучува за дисциплинска одговорност на член на Советот, -одлучува за утврдување на одговорност на судија и претседател на суд, -одлучува за одземање на имунитет на судија, -одлучува по барање за одобрување на притвор на судија, -предлага двајца судии на Уставниот суд на Република С.М. од редот на судиите, -го разгледува годишниот извештај на Врховниот суд на Република С.М за утврдените начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примена на законите, -одлучува за времено оддалечување на судија од вршење на судиска функција и член на Совет од вршење на функцијата член на Совет, -го утврдува бројот на потребните судиски места по судови, -ги разгледува и оценува тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите и истите јавно ги објавува на својата веб страница, -постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, -се грижи за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството, -поднесува годишен извештај за работата, -донесе деловник и други општи акти со кои ги уредува работите од својата надлежност, -утврдува ориентационен број на предмети што треба да ги реши судијата месечно и -врши и други работи утврдени со закон. (2) Советот задолжително најмалку еднаш во месецот одржува седница на која расправа поединечно по сите претставки и поплаки поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, како и за одолжување на судските постапки и одлучува за секоја одделна претставка и поплака, најдолго во рок од 60 дена од денот на нивниот прием во Советот. (3) Седницата на Советот од ставот (2) на овој член е јавна. (4) Советот донесува Годишна програма за работа со акциски план најдоцна до 15 декември во тековната година за наредната година.

Согласно Член 41 од истиот закон, членовите на Советот со право на глас во вршењето на функцијата член на Советот се еднакви во правата и обврските.

Во конкретниот случај, Судот најде дека образложението на оспорената Одлука е нејасно, односно тужениот орган во истата не дал никакви образложени причини поради кои го разрешува од функција сега тужителот, не ги навел доказите врз основа на кои е утврдена фактичката состојба, посебно ниту утврдените факти, кои што согласно утврдената фактичка состојба упатуваат на донесување на онаква Одлука како што е дадена во диспозитивот на истата. Имено, во образложението на оспорената Одлука, тужениот орган само навел дека со мнозинство на гласови на членовите со право на глас била изгласана недоверба на сега тужителот како претседател на С. с., по што и била донесена Одлуката за разрешување со мнозинство гласови од присутните членови со право на глас. Во истото не се наведени ниту причините поради кои барањата, предлозите и тврдењата од сега тужителот не биле земени во предвид, ниту се наведени законски одредби, по кои била спроведена постапката која претходела на донесувањето на оспорената Одлука, со оглед на тоа дека истиот само се повикува на член 38 од Законот за Судскиот совет на Република С.М., со која законска одредба само се регулира работата на седници на Совет.

Имено, со член 8 став 4 од Законот за судски совет на Република Северна Македонија, е уредено дека претседателот на Советот се избира од редот на членовите на Советот со право на глас, а со член 41 од истиот закон е уредено дека членовите на Советот со право на глас во вршење на функцијата член на Советот се еднакви во правата и обврските. Претседателот на Советот како член на Советот со право на глас има еднакви права и обврски со останатите членови, а со тоа и еднаква одговорност. Постапката за одговорност на член на Советот е уредена во член 34 и 35 од Законот за судски совет на Република Северна Македонија. Во член 35 став 5 од цитираниот закон е уреден и начин на постапување по барање за дисциплинска одговорност на претседателот на Советот, од што произлегува дека одредбите за одговорност на член на Советот се однесуваaат и за претседателот на Советот. Од друга страна во член 36 од истиот закон е уредена и таксативно наведена надлежноста на Советот, во кој покрај другата надлежност, во алинеја 6 е наведено дека Советот одлучува за дисциплинска одговорност на член на Советот, а никаде не е наведено дека истиот има надлежност да одлучува за изгласување недоверба на претседател на Советот, ниту за разрешување само од функција претседател на Советот, без претходно спроведена постапка за утврдување на негова одговорност.

Предвид на наведеното при повторното постапување, тужениот орган да ги има во предвид укажувањата дадени од Судот, па по спроведена законита постапка, во рамките на своите надлежности, со повикување на конкретни законски одредби да донесе образложена и законита Одлука.

Со оглед на изнесеното, Судот најде дека тужбата е основана и одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 60 став 3 алинеја 2 од Законот за управни спорови.

Управниот суд ја донесе оваа Пресуда без одржување на јавна расправа, согласно член 38 став 1 алинеја 4 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“бр.96/2019), според кој Судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон, одлучува по управниот спор без да одржи расправа, ако најде дека оспорениот управен акт содржи такви суштествени недостатоци што ја спречуваат оцената на законитоста на актот, поради што ќе го поништи таквиот акт, како што е случај во конкретниот предмет.

Пресудено во Управен суд на ден 14.12.2023 година, под У-5.бр.618/2023.

Записничар -Судски советник　　　　Претседател на совет - Судија
Снежана Стаменовска Христова　　　Ељмедине Асани

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда не е дозволена жалба, согласно член 69 став 4 од Законот за управните спорови.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,оо денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од физички лица сметка број 1000- 000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна

шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Одлуката да се достави на:
- тужителот преку полномошник
  Јосиф Филиповски адвокат од С.
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Ељмедине Асани